ТУРНЕЈА

САШО ОГНЕНОВСКИ

Изданието е објавено со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

Уредник на едицијата
Андреј Јованчевски

Наслов на оригиналот
Сашо Огненовски, Турнеја

© Сашо Огненовски, 2020
© Бегемот, 2020

Лектура
Ирена Ралева

Јазична редакција
Андреј Јованчевски

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

ТУРНЕЈА
(РОМАН)

Сашо Огненовски



Скопје, 2020

I

ДЕПЕША

Се свереше половина час во неверба додека од отворениот лаптоп ечеше: „Ме сакаш, не ме сакаш, цел ден по улици се акаш“ од фолк-ѕвездата Црна Мачка. На Божидар Булдогот не му се веруваше дека, по долго лобирање „по структурите“, како што љубеше да каже кога говореше возбудено за тоа колку се мачи за да обезбеди рејтинг на институцијата, конечно го доби тоа гигантско патување околу светот со „Хамлет“, во постановка на Оливер Анастасовски, познат и признат режисер од нашиве простори. Се свереше Булдогот во парчето хартија, каде што скудно беа наведени генералните објаснувања за тоа дека токму тој „Хамлет“, кој преносно ја презентира македонската ситуација, но и историјата, на најдобар можен начин, станува глобален репрезент на нашата култура и на уметноста. Воздивна длабоко и си тури уште една чаша од Џим Бим виски-

то. Затресе со главата и силно се провикна: – Те сакам, те сакам, мече – ѝ одговори на Црна Мачка и громогласно се изнасмеа што предизвика старата Аспасија од левата страна да зачука на ѕидот. – Умри, мори, гробу еден – загрчи пресечен, стана поткревајќи си ги широките боксерки и се упати кон бањата. – Хи-хи-хи, турнеја, турнеиште – си потпевнуваше додека мочаше долго и обилно во тоалетот. – Ќе бидеме славни како МХАТ, како Театар на нациите – се клештеше – ај ќе ги видам после кој театар ќе го затворат, а кој ќе го остават. Хаааа – си ги миеше рацете, а телефонот почна упорно и долго да ѕвони. Се избриша набрзина и се затрча кон телефонот зализгувајќи се на плочките и гнасно пцуејќи ја жена си што порачала такви плочки од кои нема ден да не се зализга. – Ќе ме убиеш еден ден – зачкрта со забите. – Ти тоа и го сакаш – и стигна конечно до телефонот. – Да, да, Линдита – задишано одговори во последен миг пред телефонот да прекине со ѕвонењето. – Секако, пресреќен сум. Дааaа, без вас ништо. Има тука ваша голема заслуга. Ќе се видиме во Сиднеј, се надевам. Ха-ха-ха-ха – се смееше куртоазно додека ѝ возвраќаше со тропање по ѕидот на старицата, која не престануваше да чука. Најпосле, ја намали музиката од лаптопот и уште еднаш пивна од виѕкито. – Ќе ги оправдаме очекувањата. Утре започнувам со детализирањето на целото патување. Нормално, ќе направиме мобилна верзија. Оливер? Не, мислам дека нема да има потреба

од него. Паааа, ќе ја сведеме бројката на најважните. Секако, најважна е презентацијата на нашата држава. И на мултикултурниот сегмент. Тоа е примарно. Аххххх, повелете, се разбира дека ќе бидете добродојдена. Уште еднаш големо благодарам, почитувана Линдита. Молам? А, да, lamtumire[1]. Ќе морам добро да го научам тоа за другпат. – Воздивна и повторно ја пушти музиката. – Сакаш ти, сакам јас, цел свет за двајца нас – рикаше Црна Мачка, а рикаше и Божидар Булдогот додека се вртеше околу малото масиче на кое стоеја шишето со виски, лаптопот и еден таблет со отворени порно страници. – Секако, драга Линдита, само за вас, драга Линдита, ќе биде најдобро, Линдита, сè како што прилега на нашата мултикултурна заедница – зборуваше играјќи и правејќи коитални движења. Откако се наигра и обилно се испоти, заврти на мобилниот телефон. – Вуле, како си? Кај си бе Вуле, бе? Кој е како тебе! Ха, бе Вуле! Си направи куќичка од соништа и сега уживаш. Те боли тебе што јас овде се мачам како грешен ѓавол. А да не бев јас, ќе те немаше ни тебе. Ха, бе Вуле, бе! Ајде, не треси многу, ништо не разбирам што зборуваш и доаѓај кај мене. Имаме многу работа. Одиме на гранде турнеја! Цел свет, пријателче! Дааа, еееe, кај си ти! Ајде иди, ќе треба да се договориме нешто! Што кога? Абе одма, бе абдал, се подразбира, јас дури го зборувам ова, ти треба веќе да си на врата. Ај, да не се повторувам оти веќе

[1] (алб.) До видување.

почнуваш да ме нервираш! За пет минути да си тука! Ха, бе Вуле, бе, те боли тебе ашимот! Ајде, чекам. Ставам кафе, додека да зоврие, да си овде! Тргнувај одма, позор, сега! – го исклучи телефонот смеејќи му се на кутриот Вуле, кој секогаш се потеше кога беше во негово присуство. Се тресеше како прат. Послушен до небо, тој беше ситно режисерче на кое реализмот му беше божја мудрост и си режираше претставички како да плете чорапи: сè под ред и во согласност со потребите. Многу од нив личеа на рецитали, па најмногу му одеше кога реставрираше претстави на поголеми режисери од него (деведесет отсто од нив беа величини за ова чиновниче) или кога режираше пригодни свечености по разни поводи. Булдогот добро му го плаќаше полтронизмот: Вуле, на дрвените полици однесе мошне наместени наградички на националниот фестивал, а и патуваше наоколу како селектор за разни фестивалчиња. Да не зборуваме дека кога Божо го немаше во канцеларија, тој беше поагилен и од чистачките. Кружеше низ просторијата како ситникаво лисиче насмевнувајќи им се подло на сите што поминуваа покрај прозорецот враќајќи се од проба и редовно повеќето од нив му го покажуваа средниот прст. Но, сепак, тој не им се лутеше. Не знаеше да се лути, како што не знаеше и да биде човечен. Беше чудно ендемско суштество во човечки облик, кој ни оддалеку не го заслужуваше.

И, навистина. Не се знае како успеа, но Вуле пристигна кога кафето зовре во ѓезвето на Божо,

преплашен од громогласното ѕвонче. Го извади нагло кафето од ринглата и тоа зовре во неговата рака. Божо крикна и го остави ѓезвето на работната маса додека Вуле убаво си легна на ѕвончето да докаже дека „еве, стигнал“, како што му било речено. Божо, држејќи ја раката, му отвори и луто му покажа каде да седне. Вуле, исплашен, само се загледа во раката и послушно седна на скапата кожена софа, стокмувајќи ги нозете и очекувајќи лавина од гневни пцости и навреди. Но, тој, како што рековме, не се лутеше. Сонцето ги фрлаше првите пролетни зраци врз полуголиот Булдог, кој гневно се доближуваше кон Вуле, а неговата огромна сенка го затемни тоа ситно човече на кое му засветкаа ситните лицемерни очиња.

Следниот ден, во малото ресторанче на тазе изградениот театар во центарот на Македонија, наречен Македонски империјален театар, сите знаеја за фамозната депеша. Тоа беше заслуга на тенката Филаделфија, која седеше на средната маса од ресторанчето и зборуваше со Линдита Марку од Министерството за култура. Кикотливо се смееше и кимаше со малото издолжено главче. Филаделфија, инаку, се викаше Филомена, старолика жена на средни триесетти години, со видливи брчки на издолженото и сувичко лице со влашко-грчко потекло и со сомнителни далечни ромски генетски состојки, на кои беше многу лута, па затоа ги криеше како змијата нозете, а оние што сакаа да ја навредат, веќе ја имаа

грижливо забележано таа нејзина „скандалозна“ генеаологија. – Да, Лин, срце, се гледаме во Саранда и потоа со Виктор одиме на Крит. Секако. Не, злато, јас му реков, ако ме носи со јахтичката на која ѝ брчи моторот, веќе да не смета на мене. Не можам да се срамам од луѓето што ги сретнувам секоја есен таму кога пристигнуваме на островот. Половина од нив се со сина крв. Па да пропаѓам вземи. Му кажа на Булдогон? Е, добро. Оти ако му кажам јас, ќе добие срцев удар зашто ќе му треснам в лице дека сум знаела од пред една недела и потоа ќе рика како вол. ОК, злато, не, по турнејата ќе одиме со Виктор малку до Париз да се променам оти крпичките веќе не се трпат. Да, да, ќе ти земам. Ама, Булгари веќе не е во мода, сонце, земи си нешто поинтересно. Ај, јас ќе ти одберам. Се гледаме во Саранда. Секогаш сме едно до друго со Рита Ора. Онаа од Педесет нијанси, ха-ха-ха-хах! Константца и Катарина се во англиската градинка и сега одам да ги земам оти девојчиштено имало испит и денес не може да ги чува. Да! Ајде, се гледаме! Те бакнувам!

На вратата стоеше Борјан, кој пред неколку години од Стеријовски стана Стерлинг заради профилот на imdb.com, на кој беа грижливо впишани сите три негови епизодни улоги во македонските филмови и ја впи информацијата за турнејата. Се устреми директно на нејзината маса и извештачено ѝ се исклешти.

– Фили, една си и единствена! Ти да не си, ништо нема да дознаеме. – Филаделфија се на-